**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

УП I бр. 25-401
___. 2017 година
22-08-2017 Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за обука на возачи и други сообраќајни услуги АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар со УП I бр.25-401 од 26.07.2017 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА**

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** Друштвото за обука на возачи и други сообраќајни услуги АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар, врз основа на Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-1294/6 од 25.07.2017 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-047 од 01.06.2011 година со важност до 31.05.2019 година и неговиот Прилог кон сертификатот за акредитација од 17.05.2017 година, да врши технички работи во постапките на инспекциското место: Ул. Илинденска бр. 298, 1230 Гостивар за:

**а) - единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R,** согласно член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила; член 2 став (1) и став (3) (секторски за преправки опфатени во точка 2 од табелата) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

**б) - одобрување на преправени и поправени возила од категориите M и N,** согласно член 57 став (1) алинеја 6 од Законот за возила, член 6 точка 1 и член 7 точка 1 (ТНГ), 3 (паралелни команди на возило), 4 (приклучен уред) и 13 (заштитни фолии) од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за овластување за техничка служба на Друштвото за обука на возачи и други сообраќајни услуги АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар со број УП I бр.25-79 од 02.07.2015 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за обука на возачи и други сообраќајни услуги АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар, поднесе барање до органот за одобрување - Министерството за економија – Биро за метрологија со број УП I 25-401 од 26.07.2017 година со кое бара овластување за техничка служба.
Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-1294/6 од 25.07.2017 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-047 од 01.06.2011 и

неговиот Прилог издаден на 17.05.2017 година од ИАРМ, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека Друштвото АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар, на инспекциското место на ул. Илинденска бр. 298, 1230 Гостивар, може да се врши:

1. - **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T и R ,** согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

2. - **одобрување на преправени и поправени возила од категориите M и N,** согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самост. Техн. единици, опремата и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување од органот за одобрување бр.1609-1294/6 од 25.07.2017 година

- Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр.ИТ-047 од 01.06.2011 година со важност до 31.05.2019 година и неговиот Прилог издаден на 17.05.2017 година од Институтот за акредитација на Република Македонија-;

- Доказ за тековна состојба издаден од Централниот регистар на Република Македонија бр. 0805-50/151120170002430 од 17.05.2017 година;

- Доказ за склучен договор за осигурување со Триглав Осигурување АД Скопје (Полиса бр.990000060119 со важност до 26.05.2018 година);

- Доказ за закуп на деловен простор, заверен на нотар со бр. УЗП 844/2017 од 17.05.2017;

-Договор за техничка опременост-Извештај со број 061/16 од извршена калибрација, проверка на исправност или контрола на мерилата и контролните уреди во станиците за технички преглед, издаден од ДПС ДОО Аутоинструмент на ден 23.11.2016 година;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр.0905-22/13 од 17.05.2017 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија.

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки), како и информацијата за вработените во АУТО МЕКЛАРЕН ДООЕЛ, Гостивар добиена од Институтот за акредитација на Република Македонија бр. 08-249/9 од 18.07.2017 година за: дипл. сообраќаен инж. за патен сообраќај Трпевски Дарко; дипл. маш. инж. Хамити Улбер, насока- механзациони машини; дипл. маш. инж. Салаи Јусуф, насока механички машини и возила; дипл. маш. инж. Наумовски Митко насока механички машини и возила.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
**Kreshnik Bekteshi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ